20251032299

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 мај 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФОРМИ ВО ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

Член 1

Со оваа одлука се формира Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем (во натамошниот текст: Комисијата), која ги врши следните работи:

- ги разгледува и анализира опциите за реформи во пензискиот систем и ги предложува реформските мерки поврзани со целокупните параметри на пензискиот систем, вклучувајќи ја флексибилноста за комбинирање на пензија и работа;
- ја анализира и предлага измена на формулата за пресметка на пензијата од прв пензиски столб и комбинираната пензија од прв и втор пензиски столб од аспект на адекватноста на пензијата;
- предлага измена на концептот на утврдување на минимална пензија и
- други прашања поврзани со обезбедување на стабилноста на пензискиот систем и адекватност на пензиите.

Член 2

Комисијата се состои од претседател и петнаесет членови од:

- Министерство за социјална политика, демографија и млади – три члена;
- Министерство за финансии – три члена;
- Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија – три члена;
- Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија – три члена и
- Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – три члена.

Член 3

Комисијата за својата работа доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија, најмалку еднаш годишно.

Член 4

Комисијата донесува деловник за својата работа.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-3180/9
20 мај 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.